

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме* имињата, *зборовите, изразите, називите, лексикографски термините... кои се во „Библискиот речник“: од Агрипа - Ирод Агрипа Први, внукот на Ирод, до***

**А**

**легориското објаснување на**

**Библијата**

**Агрипа** - 1) Ирод Агрипа Први, внук на Ирод Големиот и владетел на Јудеја и Дамарија. Наредил да се погуби Јаков, братот на Јован, а Петар да се затвори. Умрел 44 г. (Дан12,1; 3,23); 2) Ирод Агрипа II, последниот владетел од семејството на Ирод

Големиот, од 27-100 г. После падот на Ерусалим, околу 70 г. се преселил во Рим и таму умрел; в. Ирод

**Агур** - автор на дел од Изреките (Изр 30,1-15), од Маса.

**Ад** - в. Пекол.

**Ада** - 1)жена на Ламех (1 Мој4,19); 2) жена на Исав (1 Мој 36,2).

**Адад -1**) *арамејски бог на бурата,* кај Ханаанците е наречен Ваал, чие обожување било раширено во вториот милениум пр. И. Х Се прикажувал со трокрака молња. Се верувало дека живее на висока планина и од таму праќа дожд на земјата. 2) син на Исмаил (1 Дн1,30); 3) Едомски цар, во времетона Гидеон. Главен град му бил Фогор (1 Мој36,39); 4) едомски кнез, кој избегал во Египет, кога Јоав му запретил и се борел против Соломон, за да ја ослободи својата земја (1 Цар 11,14-22).

**Адам** - *човек, земјен; од црвена почва* - првиот човек на земјата, родоначелник на човечкиот род (Дап17,26). Бог го создал од земјен прав, му вдахнал живот и го оживел. Според СП гревот во светот дојде преку Адам. Живеел во Божјото присуство, во Рајот, но не ја послушал наредбата од Бога и каснал од плодот од забранетото дрво. Заради тоа бил истеран од рајот. Според апостолот Павле, со својата непослушност Адам ја запечатил судбината на целото човештво, Оттогаш секој човек се раѓа со грев, далеку од присуството на Бог. Целото човештво е предодредено за грев и смрт. Сам човекот не може да ја промени таа состојба во која западнал. Тоа е т.н. *прв**о**роден грев.*
Па сепак, човекот ја сноси одговорноста за своите гревови, зашто сака самиот да си господари над себе. Христос е новата надеж за грешниот човек да се врати кај Бога. Тој е, „вториот Адам" преку кого единствено грешниот човек може да се спаси, ако го признае како свој Господ и својата волја ја потчини на Неговата (Рим5,12-21). Адам е слика на „Оној" што ќе дојде, односно Исус Христос (Рим5,14). Преку Адам дојде смртта меѓу луѓето, а преку Христос вечниот живот (1 Кор15,22).



[illegible]


The Bible that is, the holy Scripture of the Olde and New Testament, faithfully and truly translated out of Douche and Latyn in to Englishe.
S.Paul II. Tessa.III.
Praie for vs, that the worde of God maie have fre passage, and be glorified &c.
S.paul Col. III.
Let the worde of Christ dwell in you plenteously in all wysdome &c.
Josue I.
Let not the boke of this lawe departe out of thy mouth, but exercyse thyselfe therin daye and nyghte &c.



[illegible]





Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**